**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
*ул. 1 бб, 1043 Петровец*
*тел:02/2562 239, 2562 240, факс: 2563 100*
*Трезорска сметка - 100-000000063095*
*Сметка на буџетски корисник - 753014109263013*

Општина Петровец
Управни и административни органи и тела
Бр. 04-2693/18
04-11-24

Врз основа на член 51 и член 52 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18), а во врска со објавениот Интерен оглас број 3/2024 за унапредување на административни службеници, градоначалникот на општина Петровец ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за извршен избор на (1) извршител – кандидат за административен службеник на работното место Виш соработник за подготовка на решенија за даноци, Одделение за администрирање на приходи, Сектор за финансиски прашања

1. За извршител на работното место Виш соработник за подготовка на решенија за даноци, Одделение за администрирање на приходи, Сектор за финансиски прашања се избира кандидатот:

   Марија Божиновска

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен/а на горенаведеното работно место по конечноста на оваа Одлука.

3. Оваа одлука стапува на сила со денот на донесување.

*ОБРАЗЛОЖЕНИЕ*

Комисијата за селекција и унапредување на административен службеник формирана од страна на градоначалникот на општина Петровец со решение бр. 04-2693/9 од 31.10.2024 година спроведе постапка за унапредување на административни службеници по објавениот Интерен оглас бр.3/2024 на веб страната на општина Петровец и веб страната на Агенцијата за администрација согласно член 51 од Законот за административни службеници („Сл.весник на РМ„ бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Сл.весник на РСМ бр. 275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто како и

Скенирано со CamScanner

**ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ**
*ул. 1 бб, 1043 Петровец*
*тел:02/2562 239, 2562 240, факс: 2563 100*
*Трезорска сметка - 100-000000063095*
*Сметка на буџетски корисник - 753014109263013*

начинот на нивното бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас („Сл.весник на РМ„ бр. 11/2015 и 38/18).

Врз основа на изготвениот Записник за административна селекција за интерен оглас со број 04-2693/16 од 01.11.2024 година и Записникот од работата на Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник заради споведување на интервју со број 04-2693/17 од 01.11.2024 година со Финална ранг листа на интервјуирани кандидати и предлог – одлука за избор на прво рангираниот кандидат градоначалникот на општина Петровец изврши избор како во Диспозитивот на оваа Одлука.

По конечноста на оваа Одлука, градоначалникот на општина Петровец ќе донесе Решение за вработување на избраниот кандидат.

Правна поука: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Агенцијата за администрација.

ОПШТИНА ПЕТРОВЕЦ
Градоначалник

Борче Митевски

Скенирано со CamScanner